Монолог од Хамлет
од Вилјам Шекспир

# ХАМЛЕТ

Да бидеш или не, прашање е сега
Дал поблагорно за духот е
Да издржиш пред праќите и стрелите
На бесната судбина, или оружје
Да кренеш против море неволи
За, во борба со нив, да им ставиш крај.
Да умреш, да заспиеш-и ништо повеќе:
Спиејќи да кажеш-крај му стави на
Срцеболот, на безброј потреси
Од животот што ова тело ги
Наследило; скончило е тоа
Што усрдно го пожелаш – да умреш
Спиејќи! Да спиеш, можеби да сониш,-
Да, тука е сопката, зашто во тоа
Спиење по смртта соништата што
Би можеле да дојдат, штом веќе сме
Го сметнале од себе смртниов метеж,
Мора да не сопнет-ете го обзирот
За којшто толку беди трпиме.
Кој инаку би го поднел камшикот
И подбивот на времето, злата од
Угнетувач, навредите од гордите,
Маките од презрената љубов,
Бавноста на законот, безочноста
На власта, клоците што заслугата
Ги прима стрпливо од безвредни-
Сам кога можеш мир да најдеш сал
Со гола кама? Кој би носел товар
Со брефтање и пот на тежок живот-
Да не не буни стравот од нештото
По смртта, таа земја неоткриена
Од чие царство не се вратил уште
Ни еден патник?Тоа нас не тера
Да спремн си ги носиме овие зла,
А не да летаме по други нам
Непознати. И така свесноста

Кукавици не прави сите нас,
Вродената боја на одлучност
Побледува од болни брчки мисли,
Се спушта стрмо, губејќи висина,
И паѓа во бездејствие...Но мир,
Убавата Офелија-о нимфо,
Во твоите молитви спомни ми ги
Ти сите гревови.